**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**
Број: 08-1692/1
Датум: 16.11.2020 година
СКОПЈЕ

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА НАЧИНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОЛОКВИУМИТЕ ВО ЗИМСКИОТ СЕМЕСТАР 2020/21

## ОБВРСКИ НА СТУДЕНТИТЕ

1. Колоквиумите во јунската испитна сесија се спроведуваат со физичко присуство и online, според објавениот распоред достапен на веб страницата на факултетот: https://feit.ukim.edu.mk/i-ciklus/raspored-na-ispiti/
2. Секој студент е должен да го потврди своето присуство на колоквиумот пополнувајќи го прашалникот поставен на е-курсеви за соодветниот предмет најдоцна 48 часа пред предвидениот термин за полагање. На колоквиумот ќе бидат дозволено присуство само на оние студенти кои потврдно одговориле на прашалникот.

   Се замолуваат студентите кои немаат намера да присуствуваат на колоквиумот да не се евидентираат во прашалникот. На овој начин придонесуваат за поефикасна организација на испитот и за поголема безбедност на сите учесници во процесот.
3. За начинот за спроведување на колоквиумот што се полага online, подетални информации студентите ќе добијат од предметниот наставник.
4. Доколку студентот нема технички услови за реализација на колоквиумот што се полага online, истиот може да го полага во некоја од факултетските лаборатории, за што поднесува барање до

предметниот наставник и ФЛАОП (flaop@feit.ukim.mk), најдоцна 48 часа пред терминот за полагање.

5. Студентите со хронични заболувања треба да се договорат со предметниот наставник за начинот на спроведување на колоквиумот. Овие студенти треба да достават потврда од матичен лекар кај продеканот за настава (скенирана или во пишана форма).

6. Ако студентот не може да присуствува на колоквиумот што се полага со физичко присуство, го известува предметниот наставник најдоцна 48 часа пред терминот за полагање и со него се договара за начинот на полагање на колоквиумот.

7. Врз основа на прашалникот за присуство на колоквиумот, предметниот наставник прави и објавува список на студентите по простории со распоред на седење по клупи. Клупите во просторијата на кои ќе седат студентите се означени со броеви и се распределени согласно Протоколот на Министерството за образование за минимална физичка дистанца.

   Списокот со распоредот на студенти по простории се објавува најдоцна 24 часа пред колоквиумот. Студентите се должни да проверат во која просторија треба да полагаат и на денот на колоквиумот да се упатат во соодветната просторија.

8. Се препорачува студентите да пристигнат во дворот на Факултетот најдоцна 15 минути пред почетокот на колоквиумот, да се упатат директно во просторијата во која ќе полагаат и да седнат на означената клупа, согласно распоредот за седење. Не се препорачува чекање пред просторијата.

9. Не е дозволено групирање и чекање во холот на Факултетот и пред просториите.

10. Задолжително е носење заштитна опрема (маска, марама, шал) при престојот во Факултетот. Заштитната опрема треба да ги покрива носот, устата и брадата. Доколку студентот нема заштитна маска нема да му биде дозволен влез во Факултетот.

11. При влез во зградата ќе се врши дезинфекција на рацете и обувките и ќе се мери телесна температура. На лицата со покачена телесна темпеатура нема да им биде дозволен влез во просториите на Факултетот.

12. При влез и излез од просторијата каде што се реализира колоквиумот задолжително се врши дезинфекција на рацете. Средства за дезинфекција на рацете се поставени во секоја просторија.

    **Присутните во просторијата за полагање задолжително носат заштитна маска на лицето.**

13. Колоквиумот трае најмногу 90 минути.

14. По завршување на колоквиумот студентите треба да ги напуштат просториите и зградата на Факултетот, со цел да се подготват просториите за наредниот колоквиум и да не дојдат во контакт со студентите кои полагаат во наредниот термин.

15. При напуштање на просториите студентите ги собираат сите свои работи. Отпадоците студентите треба да ги фрлаат во означените корпи без притоа да ги допираат истите.

Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски